**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Од 01.01.2024 година функцијата генерален директор на Винарска визба „Тиквеш" ќе ја преземе Бранка Славеска.

Бранка Славеска има 25-годишно професионално искуство во индустријата за пијалаци работејќи за реномирани домашни и мултинационални компании.

Како искусен менаџер, Бранка Славеска има постигнато одлични резултати во својата работа, успешно раководејќи тимови и процеси и унапредувајќи ги деловните перформанси и влијанието во доменот на ЕСГ стандардите. Преку нејзиниот ангажман, компаниите за кои работела постигнале развој и раст на нови пазари во различни региони на меѓународно ниво.